ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04 - 699/6
**Датум:** 17.06.2021

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Извештај број 04-699/5 од 17.06.2021 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Советник на Главниот државен ревизор за ревизија, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-699/4 од 14.06.2021 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-699/2 од 07.06.2021 година, Главниот државен ревизор донесе:

## ОДЛУКА
## За избор на кандидат за унапредување на работно место Советник на Главниот државен ревизор за ревизија

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место Советник на Главниот државен ревизор за ревизија по Интерен оглас заведен под број 04-699/2 од 07.06.2021 година, се избира кандидатот Милан Ракиќ.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2021 година на Државниот завод за ревизија заведен под број 01-925/1 од 30.10.2020 година, за кој е добиена Согласност од Министерство за финансии број 08-4628/226-2 од 20.11.2020 година, и добиена Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација број 12/6-4152/5 од 14.12.2020 година, и по добиено Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на Државен завод за ревизија за 2021 година за унапредување од Министерство за финансии број 24-304/2 од 19.02.2021 година, објавен е Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-699/2 од 07.06.2021 година, за унапредување на еден кандидат на работно место Советник на Главниот државен ревизор за ревизија

Со оглед дека, согласно Извештај број 04-699/5 од 17.06.2021 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Советник на Главниот државен ревизор за ревизија, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-699/4 од 14.06.2021 година, за работното место за кое е објавен интерниот оглас, конкурирал еден кандидат, вработениот Милан Ракиќ, кој ги исполнувал општите и посебните услови за работното место и ги дал потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 17.06.2021 година, Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор да донесе Одлука за избор на кандидатот, вработениот Милан Ракиќ за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

Изработил: Весна Симоновска, МБА
Контролирал: М-р Александар Поповски